Благоја ЦВЕТКОСКИ

# ВОСТАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА 1941 ГОДИНА

## Обработка на методска единица во IV клас гимназија — општа насока пред „Могилата на непобедените" во Прилеп

Воведени напомени — Методската единица „Востанието во Македонија 1941 година" според наставната програма по историја за средните училишта, односно за гимназиите во СР Македонија е дел од наставната тема: „Востанието на југословенските народи во 1941 година". Востанијата на другите југословенски народи и народности во соодветниот учебник се обработени само во еден час сите заедно, а востанието во Македонија е обработено одделно само во еден час. Од тие причини, оваа тема во учебникот е мошне детално обработена. Вака обработената методска единица овозможува учениците пошироко и детално да се запознаат со положбата во Македонија под фашистичката окупација, за подготовките и почетокот на вооружените акции, за 11 Октомври во Прилеп и Куманово, за првите партизански одреди и за вооружените акции во Пиринска и Егејска Македонија[1].

Претходни подготовки на учениците — Во подготовките за работа по одредената методска единица, учениците претходно мораат добро да ги познаваат и разбираат следните показатели:

— Нападот на фашистичките сили врз Југославија на 6 април 1941 година;

— Причините за брзата капитулација на стара Југославија. Предавството на кралот, владата и буржоазијата;

— Поделбата и окупацијата на Југославија. Обидите на окупаторите да предизвикаат братоубиствена војна во Југославија;

— Работата и улогата на КПЈ во воените услови;

---

[1]) Д-р А. Апостолов, Б. Цветкоски, Г. Глигоров, Историја за IV клас на гимназиите — општа насока, Скопје 1978.

— Нападот на Германија врз СССР. Создавањето на антихитлеровската коалиција;

— КПЈ на чело со другарот Тито организатор и раководител на вооруженото востание, НОВ и народната револуција во Југославија;

— Востанијата на другите народи и народности на Југославија во 1941 година.

Во рамките на претходните подготовки направена е заедничка посета на меморијалниот музеј — 11 Октомври 1941 во Прилеп, кој се наоѓа во центарот на градот. На овој објект вечерта на 11 октомври 1941 година беше извршен нападот на Прилепскиот партизански одред, со што беше означен почетокот на вооруженото востание во Македонија. Овде, учениците се запознаа со подготовките и извршувањето на историскиот чин и со актерите, партизаните и првоборците на овој град.

## Дидактичко-методска обработка на часот

Методски приказ на часот — Часот е обмислен и скициран на следниов начин:

Методска единица: Востанието во Македонија 1941 година.

Облици на работа: Фронтален, индивидуален и групен.

Наставни методи: Комбинирана (раскажување, разговор, демонстрација, текст).

Наставни средства: Помошна литература, магнетофонски ленти, и друго.

Наставни помагала: Магнетофон, дурбин, фотоапарат.

Тип на часот: Обработка на ново градиво (методска единица).

Траење на часот: Блок час (90 минути).

Задачи и цели на часот:

а) Образовни — Самоопределувањето на македонскиот народ и на народностите за решителна борба за национална и социјална слобода, во заедништво со другите југословенски народи и народности.

б) Идејно-воспитни — Учениците да разберат и да станат свесни дека:

Востанието на македонскиот народ и народностите во 1941 година беше пресвртен историски чин во неговото натамошно битие.

Востанието и НОВ беше свесно насочуван револуционерен процес под раководството на КПЈ и на другарот Тито.

Востанието на НОВ ги разби и ги уништи сите погрешни штетни, предавнички, реакционерни и контрареволуционерни илузии, влијанија мешање на непријателите на македонскиот народ и народностите.

Востанието создава свесно определување за извојување, за развивање и за одбрана на постигнатото.

Востанието создава и развива патриотизам, следење на примерот на хероите и спротивставување на сите сили кои сакаат да го поробуваат македонскиот народ и македонската земја.

в) Функционални — Развивање на ученичкото мислење,

Подготвување на учениците сами и свесни да се определуваат и одлучуваат.

Подготвување на учениците за следење и развивање на развојниот историски континуитет.

Развивање кај учениците смисла за работа со споменици и љубов кон иститe.

Развивање кај учениците потреба од посета, подигање и заштита на спомениците.

Литература


1. Историја на македонскиот народ, кн .III.
2. Низ историјата на Прилеп и Прилепско, кн. II.
3. Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 и 1942 (збирка трудови).
4. М. Апостолски, Народноослободителната војна во Македонија.
5. Народните херои на Македонија (Албум).
6. К. Солунски, Монографии за народните херои Мирче Ацев и Кузман Јосифовски — Питу.
7. М. Алимаскоски, Од дневникот на Прилеп 1941—1943.
8. Б. Богдановиќ, Студии и скици на могилата (елаборат).
9. Мала енциклопедија на Просвета.
10. Збирка на македонски народни и партизански песни.
11. Д-р А. Апостолов, Б. Цветкоски, Ѓ. Глигоров, Историја за IV клас на гимназиите — општа насока.
12. Д-р А. Апостолов, Историска читанка за IV клас гимназија.


## Организација и артикулација на часот

Уводен дел на часот:

Бидејќи учениците претходно се упатени на тоа што треба да повторат, наставникот веднаш поведува разговор со нив. Целта на овој разговор е да се провери предзнаењето на учениците и да се овозможи полесно разбирање и применување кон новото градиво. Со повторувањето се утврдува:

— дека со нападот на фашистичките сили врз Југославија народите и народностите на Југославија биле поробени, но не и покорени;

— дека распарчувањето и окупацијата на Југославија беше владеење насочено против интересите на народите и народностите на Југославија;

— дека КПЈ достојна на својата револуционерна политика ги повика и ги поведе југословенските народи и народности на вооружено востание и ги победе во НОВ и социјалистичката револуција;

Наставникот посебно ги упатува учениците на една значајна револуционерна етапа за македонскиот народ — развојот на прогресивното работничко движење, особено потенцирајќи ги штрајковите и демонстрациите пред војната. Притоа, се истакнати големиот штрајк на работниците во Прилеп 1938 и илинденската демонстрација од 2 август 1940 година.

Наставникот го користи овој фрагмент да излезе од училницата и заедно со учениците се упатува кон Паркот на Револуцијата, каде има намера да ја обработи новата методска единица.

На патот кон Паркот на Револуцијата, поминуваат низ познатото прилепско „Корзо"[2]. На ова шеталиште илинденската демонстрација ја постигна својата кулминација и полна политичка афирмација. На крајот од „Корзото", од каде започнува искачувањето кон Паркот на Револуцијата, наставникот намерно ги задржува учениците. Учениците со чудење приговараат: Зашто застанавме овде? Да продолжиме? Наставникот смирено настојува да ги поттикне учениците на разговор и да најде одговор — зошто тука застанале. Набргу, повеќе ученици, откако размислиле, радосно извикуваат: Знаеме! Знаеме! Наставникот го постигна саканото. Учениците беа упатени дека на тоа место за време на демонстрацијата зборувал пред насобраниот народ народниот херој Борка Талески — Модерното и меѓу другото, тој рекол: „Илинден е гордост и радост за секој Македонец. Илинден е македонска револуција. Да се бориме за да ги оствариме идеите на Илинден. Напред во борба за нов Илинден".

Со оваа едукативна илустрација беше направена сообразна врска на претходната борба и новата решителна пресметка која доправа престоела. Тоа беше откривање и најавување на новата методска единица што ќе биде предмет на тој час.

Главен дел на часот:

Главниот гел на часот се извдува во Паркот на Револуцијата — пред Алејата на хероите и могилата на непобедеоите

Од учебникот и од литературата содржината на методската единица им е позната на учениците, па затоа дословна

---

2) Прилепското „Корзо" денес е улица Иво Рибар Лола. Во тоа време една од најубавите улици, со дрворед и цементирано шеталиште.

интерпретација не е потребна. Наставникот се задржува на илустрација на содржините со посредство на споменичните белези. На таков начин се добива во време и се постигнува нагледна и креативна обработка на методската единица. Методската единица се актуелизира и илустрира.

Патувањето до Паркот на Револуцијата се корасти како педагошка пауза за време на која учениците се запознаваат со основните податоци на Паркот и споменичните белези. Истовремено се пее познатата македонска револуционерна песна „А бре Македонче", со која мошне индикативно се најавува и означува престојната борба, односно востанието на македонскиот народ:

А, бре Македонче, каде се спремаш,
борба те чека, борба за слобода.
Нека разберат, клетите фашисти,
македонско име, нема да загине.

Оваа песна ја изразува готовноста на македонскиот народ да поведе решителна борба за својата национална и социјална слобода. На таков начин мошне природно и ненаметливо се извршува премин кон новата методска единица, односно кон првиот нејзин дел и целина: Положбата во окупираната Македонија.

На влезот во Паркот, лево се наоѓа Алејата на хероите, која претставува една убава зелена и цветна ниша. На мермерни постулати се поставени бронзените бисти на загинатите 10 народни херои од Прилеп[3]. Овде се обработува првата и започнува обработката на втората целина: Подготовките за вооруженото востание. Обработката се врши преку истакнувањето на животниот и револуционерен пат на хероите. Притоа, е истакнато и заклучено дека хероите биле истакнати народни, работнички, партиски и воено-политички работници пред и за време на револуцијата. Истакнувањето на овие квалитети помага за целосно обликување на методската целина.

Обработката започна со ликот на најстариот по години народен херој Рампо Левката (1909—1942). Од кратката биографија што ја изложи еден ученик, се разбра, се заклучи дека бил неуморен политички и партиски работник и народен трибун. Тој стрпливо ја ширел и омасовувал мрежата на отпорот, посебно во селата. Бил повеќе пати затворан, но секогаш останувал цврст како кремен и бил пример за другите. На непријателот му останало последното — да го ликвидира.

---

[3]) Од Прилеп и Прилепско во НОВ загинале над 700 борци. Од нив 10 се прогласени за народни херои: Рампо Левката, Мирче Ацев, Кузман Јосифовски, Борка Талески, Борка Левата, Орде Чопела, Лазо Филиповски, Илија Илески, Кире Гаврилоски и Круме Волнароски.

Покрај загинатите има и пет живи народни херои.

Левката остана жив со своето дело, со својата легенда и со својата поема — „Бабуна, која може да се спореди со „Јама“ на Иван Горан Ковачиќ. Еден ученик ги рецитира стиховите:

**Бабуно, мајко народна**

Слушаш ли — трескат прангите,
Слушаш ли — праскат камшици,
Слушаш ли — тажат мајките,
деца му вробје земале,
деца му тиран убиваат...
Бабуно, зошто немееш?

Наспоредно со огласувањето на востанието во другите краишта на Југославија, пламнува и Македонија, зататни и Бабуна од слободарските акции на првите диверзантски групи, кои го навестуваа 11 Октомври. Учениците пројавуваат посебен интерес за овие акции. Нивниот интерес е задоволен на впечатлив начин, бидејќи се наоѓа пред ликот на ученикот на акцијата изведена на тунелот нај Богомила на железничката линија Прилеп — Велес, под планината Бабуна, херојот Лазо филиповски — Лафски.

За диверзантската акција на тунелот, извршена во септември 1941 година, се чита фргмент од Дневникот на Прилеп, снимен на магнетофонска лента:

„Освен Воениот штаб при МК на КПЈ во Прилеп, никој во градот не знаеше дека другарите Лазо Филиповски — Лафски кој беше член на воениот штаб, Иле Игески и уште двајца други имаа добиено задача да го нападнат тунелот... Слегоа на линијата и се упатија кон тунелот. Минувајќи покрај стражарот, тие го поздравија, но тој со остар глас ги запре: Стој! Кај одите? Еве до Богомила. Ќе не фати ноќ, па низ тунел побргу ќе стигнеме. Не може! Знаете дека е забрането. Но, што се расправам со вас? Ајде пред мене! Ваа работа не ја бива, рече полугласно Лазо и за миг во неговите раце блесна пиштолот. Се чу истрел, војникот се поднаведна и падна. Беше убиен уште еден војник. Тоа беа првите непријателски жртви“[4].

Наставникот ја заклучува оваа целина со констатацијата од учебникот: „Со тоа и македонскиот народ се придружи кон општата борба на народите и народностите на Југославија“.

---

[4]) Групата која требало да изврши извидување на тунелот (а не напад) ја сочинувале: Лазо Филиповски — Лафски, Гиго Менкароски, Ѓоре Велкоски и Борко Петрески — Симонот.

Учениците се заморени. Повторно пауза и песна:

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата.
Старо младо, машко и женско,
во борба се кренало.

Историскиот чин 11 Октомври 1941 година, се обликува и илустрира со ликовите на тројцата народни херои: Мирче Ацев, Кузман Јосифовски и Борка Талески. Неколку ученици ги истакнуваат нивните животни врвици и се заклучува дека со нивните имиња се поврзани значајни револуционерни акции прд и во текот на НОБ и со самиот почеток на востанието — 11 Октомври.

Импресиите и песните уште не стивнале, пред очите на учениците се појавиле величествените и монументални елементи на Могилата на непобедените. Овде се обработува врвниот дел на часот — Почетокот на НОВ и револуцијата во Македонија. Оваа целина во себе ги содржи деловите: формирањето на првите партизански одреди и акциите извршени на 11 октомври 1941 година и потоа.

Од Могилата се шири убав поглед на околината на Прилеп. На исток е Селечка Планина и месноста Будимаш, кое беше првата партизанска база на Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“ формиран на 13 септември 1941 година, односно свеченото формирање на X. 1941 година. Се емитува фрагмент од расказот „Првите излегуваат“ од Благоја Корубиноски:

„На 13 септември, изутрината, дојде кај нив Вера Ацева, секретар на МК на КПЈ за Прилеп и остана со нив во двочасовен разговор. На излегување им рече: Другари, пазете ја честа на народот и Партијата! Среќно!

Еден по еден се искачија на Селечка Планина. Кога стасаа на Будимаш ги извадија ранците и торбите, поседнаа по меката трева. Првиот командант на групата, народниот херој Борка Левата им рече: Другари, ние од днеска сме партизани, народни борци. Потоа сите се согласија одредот да се нарече „Гоце Делчев“.

На подобен начин се создаваа и формираа партизанските одреди во Скопје, Куманово, насекаде во Македонија и Југославија.

Учениците се љубопитни и прашуваат: Што симболизираат овие столбови? Одговорот е јасен. Тоа се првите осум партизани, кои со време се зголемуваа нараснуваа и се создаваа нови одреди, баталјони, бригади и дивизии. Тоа е симболика на Народноослободителната војска во Македонија и Југославија.

Потоа, погледот на учениците беше свртен кон симболот на Прилеп — Марковите Кули. Веднаш десно од нив се наоѓаат камените Црвени стени, зборното место на партизаните пред

нападот на Прилеп на 11 октомври 1941 година. Тука било префрлено оружјето од населбата Варош. Со оваа акција раководел народниот херој Орде Чопела — Кулак.

На Црвени стени се формирале три групи за напад на поважни пунктови во Прилеп. З аатмосферата во Одредот, пред нападот на градот, во ноќта на 11 октомври, од Дневникот на Прилеп, се емитува еден фрагмент:

„Сонцето зајде. Мракот како прозрачна сива магла полека ги обвиваше Црвени Стени. Се е мирно и спокојно.

Збор! се чу команда. Сите изрипаа и се собраа пред командантот на одредот Трајко Бошкоски — Тарцан, кој им одржа краток говор, но јасен говор, завршувајќи со: Другари, вечерва ќе екнат осветничките пушки низ целата наша земја. Потоа, командантот го изложи планот за напад на градот. Потребно е три групи, со доброволно пријавување.

Јас, јас, јас! се чуја извици божем митралез пука. Лицето на Тарцан се озари со насмевка и радосно рече: Браво, другари! Со вакви луѓи како вас, мора да победиме!

Пред тргнување во акција во одредот стигнаа Кузман Јосифоски и Борка Талески. Тие им одржаа говор на партизаните и им посакаа успех, со зборовите: Среќно, другари! Оправдајте ја довербата на својот народ и Партија"!

Учениците со големо внимание ги слушаа овие фрагменти и живо се интересираа за резултатите на акцијата. Посебно од подвигот на Душко Наумоски, кој ги истрела првите куршуми и го уби стражарот на участокот, со кој истрел беше објавено востание на македонскиот народ на 11 октомври 1941 година.

Истовремено се направија кратки описи на животните врвици на веќе посочените херои и се прочитаа нивните имиња на плочите во Могилата. Наставникот ги повика учениците да постават китки на свежи цвеќиња. Со молчење се оддаде почит и благодарност.

Напуштајќи ја Могилата и Паркот на Револуцијата, секако задоволни и радосни, беа направени неколку фотографски снимки и повторно екнаа звуците на песната:

Што ми е мило, ем драго,
млада партизанка да бидам.

Завршен дел на часот:

На крајот од часот, наставникот заедно со учениците ги утврдија и ги извлекоа следните заклучоци:

— Фашистичката окупација на Македонија од страна на бугарските и италијанските политички и воени власти беше владеење на робство, експлоатација и терор.

— Политиката на бугарскиот окупатор за присоединување, денационализација и асимилација на македонскиот народ претрпеа пораз.

Политиката на окупаторите да предизвикаат разединување и братоубиствена војна на југословенските народи и народности истотака претрпе пораз.

— КПЈ, поведувајќи ги југословенските народи и народности во војна и револуција, изгради цврсто братство и единство.

— Во Македонија револуционерните сили на КПЈ однесоа победа над контрареволуционерните, кои беа под влијание на БКП.

— Вооруженото востание и НОВ на Македонија се историски чин на самоопределување на македонскиот народ во братското заедништво со другите народи и народности на Југославија.

—— Борбата и жртвите дадени во револуцијата не се залудни и тие претставуваат гаранција на денешната наша слобода и стварност — Социјалистичка, самоуправна Југославија. За севкупниот придонес во НОВ градот Прилеп е прогласен за град херој.

— Спомениците на НОВ и за НОВ се трајни и светли симболи на борбата и жртвите за слобода. Тие се изворишта на вечна вдахновеност и благодарност.